Архивски знак: Shenja arkivore: 2802
Рок на чување: Afati i ruajtjes: 15
03.05.2022 година viti
Потпис Nënshkrimi

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА
**Одделение за прекршочна постапка – Комисија за одлучување по прекршок**

01.10.00.УП.001.06-ОБ.05.06

Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа на Република Северна Македонија во состав: Маринела Бојаџиева како претседател и членовите Наим Рамети и Дејан Атанасовски, одлучувајќи во прекршочната постапка во прв степен, по барање за поведување на прекршочна постапка број 28-052601/21-0004 од 04.10.2021 година на Царинарница Битола, ЦИ Ќафасан-отсек за стоков промет, поведена против сторителите на царински прекршок „Индиго Гроуп" ДООЕЛ Тетово (сегашен назив Мурат Гроуп ДООЕЛ од Тетово), за царински прекршок по член 263-а став 4 вв став 1 точка 4 од Царинскиот закон и Мухамед Имери од с. Долно Палчиште, Боговиње како одговорно лице во правното лице за царински прекршок по член 263-а став 5 в.в 4 став 1 точка 4 од Царинскиот закон, врз основа на член 10-а став 2 од Законот за Царинската управа и член 52, 54 и 55 од Законот за прекршоците, на ден 13.04.2022 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Индиго Гроуп ДООЕЛ Тетово со седиште на улица Маршал Тито број 55 Тетово, (сегашен назив Мурат Гроуп ДООЕЛ од Тетово со седиште на улица Илинденска број 287 Тетово) со ЕДБ 4028018536451, како правно лице,

### СЕ УТВРДУВА ДЕКА Е СТОРИТЕЛ НА ПРЕКРШОКОТ
по член 263-а став 4 в.в став 1 точка 4 од Царинскиот закон

2. Мухамед Имери од с. Долно Палчиште, Боговиње, роден на ден 17.11.1982 година, со живеалиште на ул.„101" бб, с. Долно Палчиште, Боговиње, со ЕМБГ 1711982470002, државјанин на Република Северна Македонија, како одговорно лице во правното лице

### СЕ УТВРДУВА ДЕКА Е СТОРИТЕЛ НА ПРЕКРШОКОТ
по член 263-а став 5 в.в 4 в.в став 1 точка 4 од Царинскиот закон

Затоа што:

На ден 10.02.2021 година во ЦИ Ќафасан - отсек за стоково царинење поднесена е извозна декларација број 21MKXP507000002B95 за фирмата Индиго Гроуп, за што е заверен извозен доказ за потекло ЕУР 1 со број A gk 0066703 по приложена фактура 3/1/2021 од 01.02.2021 година. Од страна на Царинската служба на Швајцарија пристигнало барање за верификација на доказ за потекло –ЕУР 1 со број A gk 0066703, број на барање 312.2.110.2021 од 08.03.2021 и наш број 19-016862/21-0001 од 25.03.2021 година. Комисијата за верификација состави записник од извршена контрола број 31-016862/21-0005 од 15.06.2021 година во која констатира дека потеклото не е докажано.

Од страна на Царинарница Битола изготвен е и одговор до СКИ за извршена проверка на доказ за потекло 34-016862/21-0006 од 23.04.2021 година во која одговор се констатира негативен одговор и дека не се исполнети условите за стекнување преференцијално потекло. Вредноста на стоката опфатена со декларацијата и предметниот ЕУР 1 изнесува 13.032,50 евра.

На пријавените од страна на ЦИ Ќафасан-отсек за стоков промет е понудена постапка за порамнување и при тоа се издадени прекршочни платни налози 28-052601/21-0002 од 02.09.2021 година за правното лице и бр. 28-052601/21-0003 од 02.09.2021 година за одговорното лице во правното лице, кои што уредно се примени од страна на пријавените и истите во законски предвидениот рок од 8 дена не ја платиле изречената глоба.

Со горе опишаното дејствие првопријавениот правното лице „Индиго Груп" ДООЕЛ Тетово (сегашен назив Мурат Груп ДООЕЛ од Тетово), сторило царински прекршок по член 263-а став 4 вв став 1 точка 4 од Царинскиот закон и Мухамед Имери од с. Долно Палчиште, Боговиње како одговорно лице во правното лице е сторител на царински прекршок по член 263-а став 5 в.в став 1 точка 4 од Царинскиот закон, поради кое од страна на Комисијата

ИМ СЕ ИЗРЕКУВА

1. На правното лице „Индиго Груп" ДООЕЛ Тетово (сегашен назив Мурат Груп ДООЕЛ од Тетово), глоба во износ од 1.000 (илјада) евра, во денарска противвредност пресметани според среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на изрекување на глобата, во износ од 61.500,00 денари.

2. На одговорното лице Мухамед Имери од с. Долно Палчиште, Боговиње, глоба во износ од 500 (петстотини) евра, во денарска противвредност пресметани според среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на изрекување на глобата, во износ од 30.750,00 денари, како и трошоци на постапката во износ од 250,00 денари, кои сторителот е должен да ги плати во рок од 8 (осум) дена од конечноста на решението, и тоа:

- глобата да ја платат на образец ПП50 – налог за јавни приходи – со цел на дознака: глоба по решение Прк.бр.0508/21, примач Буџет на РСМ, Банка на примач НБ на РСМ, на сметка 100-000000063095, уплатна сметка 840-(број на општина)-051-03, приходна шифра 72211900, а
- трошоците да ги плати на образец ПП50 – налог за јавни приходи – со цел на дознака: трошоци по решение Прк.бр.0508/19, примач Буџет на РСМ, Банка на примач НБ на РСМ, на сметка 100-000000063095, уплатна сметка 840-(број на општина)-06137, приходна шифра 72413200,

и доказите за така извршените уплати (обрасците ПП50) да ги достават во оригинал до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинска управа на РСМ, ул.„Колекторска" б.б., Скопје, а во спротивно ќе се спроведе постапка за нивна присилна наплата преку надлежната Управа за јавни приходи, согласно член 129 став 2 од Законот за прекршоците и одредбите од Законот за даночна постапка.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со барање за поведување на прекршочна постапка број 28-052601/21-0004 од 04.10.2021 година на Царинарница Битола, ЦИ Ќафасан-отсек за стоков промет, до Комисијата за

одлучување по прекршок при Царинската управа на Република Северна Македонија е поведена прекршочна постапка против сторителите на царински прекршок „Индиго Гроуп" ДООЕЛ Тетово (сегашен назив Мурат Гроуп ДООЕЛ од Тетово), за царински прекршок по член 263-а став 4 вв став 1 точка 4 од Царинскиот закон и Мухамед Имери од с. Долно Палчиште, Боговиње како одговорно лице во правното лице за царински прекршок по член 263-а став 5 в.в став 1 точка 4 од Царинскиот закон.

Постапувајќи по истото, Комисијата за одлучување по царински прекршок согласно член 65 став 2 од Законот за прекршоците, со покани за писмено произнесување број 28-052601/19-0005 и број 28-052601/19-0006 од 14.10.2021 година и број 28-052601/19-0012 од 02.11.2021 година , писмено ги извести сторителите за поднесеното барање и ги поучи да се изјаснат за фактите и доказите поднесени во врска со истото.

Комисијата направи два последователни обида да се изврши уредно достава но не успеа ги достави поканите за писмено произнесување и согласно член 56 став 5 и 57 став 4 од Законот за прекршоците истите на ден 04.04.2022 година гио објави на веб страницата на Царинска управа со што по истекот на осум дена од денот на нивното објавување се смета дека доставите се извршени.

Комисијата утврди дека согласно член 52, 54 и 55 од Законот за прекршоци постојат законски услови за спроведување на прекршочната постапка и донесување на одлука.

Комисијата ја спроведе доказната постапка и изврши увид во: барање за поведување на прекршочна постапка број 28-052601/21-0004 од 04.10.2021 година на Царинарница Битола, ЦИ Ќафасан-отсек за стоков промет, покани за писмено произнесување број 28-052601/19-0005 и број 28-052601/19-0006 од 14.10.2021 година и број 28-052601/19-0012 од 02.11.2021 година, службени белешки за доставување на поканата за писмено произнесување до сторител на прекршок, преку огласна табла број 28-052601/19-0016 од 06.12.2021 година и број 28-052601/19-0017 од 02.11.2021 година, дописи до Централен регистар број 28-052601/19-0007 од 15.10.2021 година и број 28-052601/19-0011 од 29.10.2021 година, одговор од Централен регитар број 09-2723/2 од 19.10.2021 година и број 08-2723/4 од 04.11.2021 година, допис од Агенција за вработување број 986/2021/0-18 од 16.10.2021 година, записник за царински прекршок број 28-052601/21-0001 од 02.09.2021 година, прекршочен платен налог за правно лице бр. 28-052601/21-0002 од 02.09.2021 година, прекршочен платен налог за одговорно лице во правно лице бр. 28-052601/21-0003 од 02.09.2021 година, по што ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 10.02.2021 година во ЦИ Ќафасан - отсек за стоково царинење поднесена е извозна декларација број 21MKXP507000002B95 за фирмата Индиго Гроуп, за што е заверен извозен доказ за потекло ЕУР 1 со број А gk 0066703 по приложена фактура 3/1/2021 од 01.02.2021 година. Од страна на Царинската служба на Швајцарија пристигнало барање за верификација на доказ за потекло –ЕУР 1 со број А gk 0066703, број на барање 312.2.110.2021 од 08.03.2021 и наш број 19-016862/21-0001 од 25.03.2021

година. Комисијата за верификација состави записник од извршена контрола број 31-016862/21-0005 од 15.06.2021 година во која констатира дека потеклото не е докажано.

Од страна на Царинарница Битола изготвен е и одговор до СКИ за извршена проверка на доказ за потекло 34-016862/21-0006 од 23.04.2021 година во која одговор се констатира негативен одговор и дека не се исполнети условите за стекнување преференцијално потекло. Вредноста на стоката опфатена со декларацијата и предметниот ЕУР 1 изнесува 13.032,50 евра.

На пријавените од страна на ЦИ Ќафасан-отсек за стоков промет е понудена постапка за порамнување и при тоа се издадени прекршочни платни налози 28-052601/21-0002 од 02.09.2021 година за правното лице и бр. 28-052601/21-0003 од 02.09.2021 година за одговорното лице во правното лице, кои што уредно се примени од страна на пријавените и истите во законски предвидениот рок од 8 дена не ја платиле изречената глоба.

Со горе опишаното дејствие првопријавениот правното лице „Индиго Гроуп" ДООЕЛ Тетово (сегашен назив Мурат Гроуп ДООЕЛ од Тетово), сторило царински прекршок по член 263-а став 4 вв став 1 точка 4 од Царинскиот закон и Мухамед Имери од с. Долно Палчиште, Боговиње како одговорно лице во правното лице е сторител на царински прекршок по член 263-а став 5 в.в став 1 точка 4 од Царинскиот закон.

Согласно член 72 став 1 од Царинскиот закон царинска декларација во писмена форма се поднесува на образец пропишан со прописот од членот 257 на овој закон. Царинската декларација во писмена форма мора да биде потпишана и мора да ги содржи сите податоци кои се неопходни за спроведување на царинските прописи со кои е регулирана царинската постапка за која стоката е декларирана.

Согласно член 263-а став 4 вв став 1 точка 4 од Царинскиот закон (Сл.весник на РСМ број 144 од 03.08.2018 година) кој важел во моментот на сторување на предметниот прекршок, глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правно лице или трговец поединец за прекршокот од став (1) на овој член, а глоба во износ од 200 евра ќе се изрече на физичко лице, кога износот на избегнатите увозни давачки, други давачки и даноци е од 2.000 до 4.000 евра или кога вредноста на стокатае од 3.000 до 5.000 евра, кога на царинскиот орган во врска со извозната царинска постапка му поднесе поднесе извозна царинска декларација во која е наведена поголема количина или поголема вредност или друго потекло на стоката (член 72 став (1)). Согласно став 5 од истиот член, глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставовите (1) до (4) на овој член.

Согласно член 2 став 1 од Законот за прекршоците за прекршокот и прекршочната одговорност соодветно се применуваат одредбите од општиот дел на Кривичниот законик.

Согласно член 3 став 1 од Кривичниот законик, врз сторителот на кривичното дело (прекршокот) се применува законот кој важел во времето на извршување на кривичното дело (прекршокот), а согласно став 2 од истиот член, ако по извршувањето на кривичното

дело (прекршокот) е изменет законот еднаш или повеќе пати, ќе се примени законот што е поблаг за сторителот.

Согласно член 16 став 1 од Законот за прекршоците на сторителот на прекршок му се одмерува санкција во границите што со закон се пропишани за сторен прекршок, имајќи ги во предвид прекршочната одговорност на сторителот и тежината на прекршокот, согласно став 2 од истиот член при одмерувањето на санкцијата се земаат во предвид сите околности што влијаат санкцијата да биде полесна или потешка (олеснителни и отешнувачки околности), а особено степенот на одговорност на сторителот за прекршок, побудите од кои е сторен прекршокот, јачината на загрозувањето или повредата на заштитеното добро, околностите под кои прекршокот бил сторен, поранешниот живот на сторителот, неговите лични прилики и неговот однесување по прекршокот особено дали ја надоместил штетата, како и други околности кои се однесуваат на личноста на сторителот, додека согласно став 3 од истиот член при одмерувањето на глобата се има во предвид имотната состојба на сторителот, висината на неговата плата, другите негови примања, неговиот имот и неговите семејни обврски, кај прекршоците од областа на даноците и царините и сразмерноста на висината на неплатените давачки на кои е обврзан со закон.

Согласно член 26 став 2 од Законот за прекршоците глобата за одговорно лице во правно лице и овластено службено лице не може да биде помала од 15 евра во денарска противвредност, ниту поголема од 500 евра во денарска противвредност, освен ако со законодавството на Европска Унија не е поинаку определено.

Согласно член 36 став 1 од истиот закон, глобата за правно лице не може да биде помала од 50 евра во денарска противвредност, ниту поголема од 1.000 евра во денарска противвредност за микро и мали трговци не може да биде помала од 50 евра во денарска противвредност, ниту поголема од 2.000 евра во денарска противвредност, а за средни трговци не може да биде помала од 250 евра во денарска противвредност, ниту поголема од 6.000 евра во денарска противвредност и за големи трговци не може да биде помала од 250 евра во денарска противвредност, ниту поголема од 10.000 евра во денарска противвредност.

Согласно член 49 став 2 од Закон за прекршоците за одделни прекршоци за кои глобата е утврдена до најмногу 250 евра во денарска противвредност за физичко лице, 500 евра во денарска противвредност за одговорно лице во правно лице и службено лице и 1.000 евра во денарска противвредност за правни лица прекршочна постапка може да води и прекршочна санкција може да изрече прекршочен орган и овластено службено лице.

Согласно член 63 став 1 од Законот за прекршоците, прекршочниот орган ќе донесе решение за прекршок со кое се утврдува одговорност на сторителот и му се изрекува прекршочна санкција, с огласно став 3 од истиот член прекршочниот орган не е врзан за за предлозите и оцената во однос на правната квалификација на прекршокот.

Согласно начелото на економичност и ефикасност на постапката од член 7 од ЗОУП, постапката треба да се спроведе на наједноставен можен начин, без одлагање и со што помалку трошоци за странките, а сепак да се обезбеди целосно почитување на правата и правните интереси на странките и потполно утврдување на фактичката состојба.

Врз основа на вака утврдената правна и фактичка состојба, која произлегува од приложениот доказен материјал, Комисијата најде дека во дејствието на сторителите не се содржани обележјата на прекршокот по член 263-а став 4 вв 5 став 1 од Царинскиот закон кој им се става на товар, туку се содржани обележјата на прекршокот по член 263-а став 4 вв став 1 точка 4 од Царинскиот закон сторен од правното лице и по член 263-а став 5 вв став 4 вв став 1 од истиот закон сторен за одговорното лице во правното лице.

Комисијата при одмерувањето на глобата ги имаше предвид одредбите од член 2 став 1 од Законот за прекршоците, односно член 3 став 2 од Кривичниот законик, применувајќи го законот што е поблаг за сторителот.

Во оваа насока, Комисијата од една страна утврди дека предметниот прекршок е сторен по влегувањето во сила на Законот за прекршоците („Службен весник на РС Македонија" бр.96 од 17.05.2019 година), а од друга страна утврди дека погоре цитираните одредби на Царинскиот закон во делот на прекршочните санкции не се усогласени со овој закон, па при ваква состојба Комисијата најде дека во конкретниот случај при одмерувањето на глобата за предметниот прекршок правилно е да се применат одредбите од Законот за прекршоците со кои е определен износот на глобата во распон за сторени прекршоци од страна на правните лица и одговорните лица во правните лица, односно да се применат одредбите од член 36 став 1 од истиот закон, според кој глобата за правно лице не може да биде помала од 50 евра во денарска противвредност, ниту поголема од 1.000 евра во денарска противвредност за микро трговци, за мали трговци не може да биде помала од 50 евра во денарска противвредност, ниту поголема од 2.000 евра во денарска противредност, а за средни трговци не може да биде помала од 250 евра во денарска противвреднсот, ниту поголема од 6.000 евра во денарска противвредност и за големи трговци не може да биде помала од 250 евра во денарска противвредност, ниту поголема од 10.000 евра во денарска противвредност, како и да се применат одредбите од член 26 став 2 на истиот закон, според кој глобата за одговорно лице во правно лице не може да биде помала од 15 евра во денарска противвредност, ниту поголема од 500 евра во денарска противвредност, освен ако со законодавство на Европска Унија не е поинаку определено.

Во истата оваа насока, а по по извршениот увид во Податоци од службени евиденции број 986/2021/0-18 од 26.10.2021 година од Агенцијата за вработување за вкупниот број од 17 вработени и од извршениот увид во Известувањето број 09-2723/2 од 19.10.2021 година на Централниот регистар за остварениот приход 18.050.960 денари во претходната година, Комисијата согласно одредбите на член 37 став 1 од Законот за прекршоците и имајќи ги предвид критериумите пропишани во член 470 од Законот за трговските друштва, утврди дека обвинетото правно лице „Индиго Гроуп" ДООЕЛ Тетово (сегашен назив Мурат Гроуп

ДООЕЛ од Тетово), се распоредува во класификацијата на „мал трговец", па врз таа основа утврди дека и глобата треба да му се изрече во рамките на пропишаниот распон за правни лица – средни трговци според цитираниот член 36 став 1 од Законот за прекршоците.

Врз основа на досега наведеното, Комисијата имајќи ги во предвид одредбите од член 16 и член 49 став 2 на Законот за прекршоците, на правното лице „Индиго Гроуп" ДООЕЛ Тетово (сегашен назив Мурат Гроуп ДООЕЛ од Тетово), му изрече глоба од 1.000 евра, додека на одговорното лице Мухамед Имери од с. Долно Палчиште, Боговиње глоба во износ од 500 евра, и смета дека со истите ќе се постигне целта на изрекување на прекршочната санкција.

Согласно член 2 од Правилникот за висината и начинот на определување на реално направените трошоци во прекршочна постапка пред прекршочниот орган, Комисијата ги задолжи сторителите и со трошоци во прекршочната постапка во износ од 250,00 денари.

упатство за правно средство:
Против ова решение незадоволната странка има право на тужба за поведување на управен спор до Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од приемот на решението.
Со оглед да тужбата го одлага извршувањето на глобата примерок од истата да биде доставена до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинска управа на Република Северна Македонија–Царинарница Скопје на ул. Колекторска 66, Скопје, во спротивно ќе се наплати согласно одредбите на Закон за даночна постапка

Претседател на комисија,
Маринела Бојаџиева

Прк.бр.0508/21
Број 28-052601/21-0020
Скопје, 13.04.2022 година

Доставено во оригинал до:
- сторители
- архива
- предмет

Доставено преку ЕДМС до:
-подносител

Изработил: Дејан Атанасовски